MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 08-4211/2
19-04-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на третото продолжение на четириесет и седма седница одржана на ден 13.04.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________________, поранешен Министер без ресор во Владата на Република Македонија СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-4317/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4317/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-4317/1 од 16.09.2019 година за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, поранешен Министер без ресор во Владата на Република Македонија е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на донесен Годишен план за следење на имотната состојба и судир на интереси за 2019 година.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ______________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК по разгледување на прибавените податоци од наведените институции, како и по нивно споредување со податоците од анкетниот лист на ______________, поранешен Министер без ресор констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Н.Т-М, советник
Одобрил: Г.Т, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**